ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

**БРОЈ 45 ГОДИНА 31 ДАТА 11.11.2013 ГОДИНА**

## *СОДРЖИНА*

*- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОФС*
*- ОДЛУКИ ОД ОРГАНИТЕ НА ФФМ*



## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ

**Седница од 08.11.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ШКУПИ" Скопје: Јусуф Р. Имерџан од ФК "Вардар АД" Скопје, по член 35/13.

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Скопје, фудбалерот Илиевски Роберт од ФК "Бутел" од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седница од 07.11.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ВАРДАР 1953" с. Брвеница: Сиљаноски С. Марјан, Богдановски Ѓ. Бобан, по чл. 35/1.
Здравески С. Антонио од ФК "Тетекс АД" од Тетово, по член 35/13.

ФК "ТЕТЕКС АД" Тетово: Абдурахмани А. Џенис, Вљаши Х. Агон, по член 35/1.

ФК "ШАРРИ – Т – 2012" с. Теарце: Рамадани Е. Арианит, по член 35/1.

ФК "БЕСА" с. Н. Челопек: Салаи И. Самир, по член 35/1.
Бејтулаи С. Фатмир од ФК "Љуботен" од Тетово, по член 35/4.

ФК "ДАРДАНЕТ" Тетово: Цека Б. Артан, Дервиши Х. Бурим, Сулејмани Х. Ардит, Љика И. Лирим, Мујови Н. Еди, Ељези Х. Енсар, Љика Ф. Бледиан, по член 35/1.
Алили Н. Агрон од ФК "Ренова АД" од с. Џепчиште, по член 36/1.

ФК "ЈУГОХРОМ" с.Јегуновце: Спасовски М. Зоран и Ристовски В. Васе од ФК "Љуботен" од Тетово, по член 35/4.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КАВАДАРЦИ

**Седница од 08.11.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "АКАДЕМИЈА ШИКОВ-ПАНДЕВ"Кавадарци: Атанасов З. Александар, Плетварски Т. Оливер, Николов Ѓ. Ристе од ГФК "Тиквеш 09" од Кавадарци, по член 35/4.
Менковиќ Н. Стефан од ФК "Росоман 83" од с. Росоман, по член 35/13.

КМФ "ЦРНА РЕКА" с. Возарци: Николовски Г. Ѓорге, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО

**Седница од 08.11.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "БАШКИМИ 1947" Куманово: Мрсели З. Шкиприм, по член 35/1.
Цветковиќ З. Миљан од ФК "Мио Спорт" од Куманово, по член 35/4.

ФК "КУМАНОВО ЕУРОСПОР" Куманово: Димитриевски Т. Слаѓан и Божиновски И. Матеј, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВЕЛЕС

**Седница од 08.11.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ГЕМИЏИИ" Велес: Киров И. Методија, Тодоров О. Давид, Богоевски Д. Васил, Апостоловски М. Ненад, Ивчев В. Виктор, Митушев Г. Александар, Драган Ј. Петковски, по член 35/1.

ФК "ГОРСКИ" Велес: Петковски Зоран, по член 35/1.

КМФ "ГЕМИЏИИ" Велес: Ристов Б. Бобан, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП

**Седница од 08.11.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "АКАДЕМИЈА ПОСТОЛОВ" Штип: Арсов В. Пане, Асанов Ј. Хален, по член 35/1.

ФК "14 ОКТОМВРИ 1946" с. Крупиште: Зафиров З. Ангел од ФК "Брегалница 2008 АД" од Штип, по член 35/13.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КОЧАНИ

**Седница од 02.11.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

КМФ "КОЧАНИ" Кочани: Паунов Б. Славјан, по член 35/1.

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Кочани, фудбалерот Андонов М. Марио од ФК "Малеш 1919" од Берово поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "ГАЗИ БАБА' СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 08.11.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ВАРДАР АД" Скопје: Михајловски Ѓ. Стефан и Христовски Т. Мартин, по член 35/1.
Ангеловски В. Божидар од ФК "Работнички АД" Скопје, по член 36/1.

ФК "МЛАДОСТ" н. Ергеле, Скопје: Стојановски Д. Пеце од ФК "Нова Колонија" од Н. Нова Колонија, по член 35/2.
Илиевски Д. Дарко од ФК "Трубарево" од с. Трубарево, по член 35/4.
Тодоровски Доне, по член 35/1.

ФК "СТАЈКОВЦИ 2013" с. Стајковци: Стојановски Т. Боби од ФК "Стајковци" од с. Стајковци, по член 35/4.

КМФ "СКОПЈЕ" Скопје: Шикмановиќ З. Урош од КМФ "Железарец" Скопје, по чл. 36/1.

*** Склучување анекс договор:**

ФК "Металург АД" од Скопје и фудбвалерот Али И. Реџеп склучија Анекс на стипендискиот дотговор број 209/2013 од 26.07.2013 година.

*** Реаскин на професионален договор:**

ФК "Работнички АД" Скопје и фудбалерот Блаже Илиоски го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

*** Раскин на договор за отстпаување:**

Фудбалскиот клуб "Металург АД" од Скопје, Фудбалскиот клуб "Тиверија" од Струмица и фудбабарот Јованов Ѓ. Александар, го раскинаа договорот за отстапување на фудбалер со привремена регистрација.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС "Гази Баба" фудбалерите: Папули М. Стерјо од ФК "Металург АД" од Скопје и Илиоски Блаже од ФК "Работнички АД" Скопје, поради преминување со регистрција на територија на друг ОФС

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

**Седница од 08.11.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "СИЛЈАН ШТРКОТ" с. Мало Коњари: Алексовски П. Александар, по чл. 35/1.

ФК "БЕРОВЦИ 2010" С. Беровци: Јанчевски С. Гоце, по член 35/1.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СВЕТИ НИКОЛЕ

**Седница одржана на 08.11.2013 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "РАБОТНИК ЦУМАЈЛИЈА" с. Лозово: Панов Т. Кристијан, по член 35/1
Милановски Д. Стојмир од ФК "Црнилиште" с. Црнилиште, по член 36/1.

Управен одбор 2013 година

Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија, постапувајќи по предлог –одлуката доставена од Комисијата за статут и правилници на ФФМ а во врска со поднесокот на ФК Вардар АД од Скопје со пр.бр. 03-1424 од 17.09.2013 година против одлуката бр. 158/13 од 13.09.2013 година на второстепениот орган на ОФС Гази Баба и поднесокот бр. 03-1511 од 27.09.2013 година против одлуката на Комисијата за жалби на ФФМ бр. 03-1463 од 20.09.2013 година а поврзани со Барање за заштита на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери и Правилникот за натпреварување на ФФМ врз основа на член 89 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ и член 79 и 80 од Правилникот за натпреварување на седницата одржана на ден 07.11.2013 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се усвојува предлог-одлуката на Комисијата за статут и правилници 03-1680 од 24.10.2013 година.
2. Поднесокот бр.03-1424 од 17.09.2013 година со кој се бара заштита на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери поднесен од ФК Вардар АД од Скопје а во врска со Одлуката на второстепениот орган на ОФС Гази Баба бр. 158/13 од 13.09.2013 година со која се усвојува жалбата на ФК Металург АД од Скопје и се поништува регистрацијата на фудбалерот Бујчевски Р.Антонио со Комет ид број 102619 објавена во Макфудбал вонреден број 16 од 30.08.2013 година се одбива како неоснован.
3. Барањето бр. 03-1511 од 27.09.2013 година за заштита на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери и Правилникот за натпреварување поднесено од ФК Вардар АД од Скопје а во врска со одлуката на Комисијата за жалби на ФФМ бр. 03-1463 од 20.09.2013 година со која натпреварот од 6-тото коло на Прва МФЛ помеѓу ФК Металург АД од Скопје и ФК Вардар АД од Скопје одигран на ден 01.09.2013 година е регистриран со службен резултат 3:0 за ФК Металург АД од Скопје се одбива како неосновано.
4. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ постапувајќи по предлог-одлуката доставена од Комисијата за статут и правилници на ФФМ ја утврди следната состојба:

Фудбалскиот клуб Вардар АД од Скопје, незадоволен од Одлуката од второстепениот орган на ОФС Гази Баба бр. 158/13 од 13.09.2013 година благовремено во предвидениот рок со Правилникот за

регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ до Комисија за заштита на правилници доставил поднесок (жалба) поврзан со Барање за заштита на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери. Во поднесокот е побарано да се утврди дека ФК Вардар АД Скопје и играчот Бујчевски Антонио ги запазиле сите пропишани услови за непречена регистрација направена во преоден рок, да се укине одлуката на ОФС Гази Баба бр. 158/13 од 13.09.2013 година а играчот да се здобие со право на настап на наредниот натпревар.

Комисијата за статут и правилници пристапила кон утврдување на благовременост на поднесокот и констатирала дека истиот е благовремен и таксиран со предвидената такса за поднесување на Барање за заштита на правилник.

Постапувајќи по поднесокот поднесен за постапката водена пред органите на ОФС Гази Баба и Барањето за заштита на Правилникот за натпреварување и Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери , Комисијата за статут и правилници ги разгледала материјалните докази во прилог на поднесокот бр.03-1424 од 17.09.2013 година:

- копија од фудбалска легитимација на Бујчевски
- извадок од Правилник за регистрација статус и трансфер на фудбалери- член 14 став 5
- извадок од Макфудбал в.бр.16 од 30.08.2013
- принт од регистрацијата на фудбалерот Бујчевски Антонио со ИД 102619 во ОФС Гази Баба за ФК Вардар со датум 30.08.2013 год. од КОМЕТ системот.
- копија од извршена уплата за обештетување за Бујчевски
- известување за ФФМ за уплатата

доказите изведувани во постапката пред ОФС Гази Баба и нападнатата одлука:

- приговор поднесен од ФК Металург АД на одлука за регистрација на Бујчевски Антонио
- принт од регистрацијата на фудбалерот Бујчевски Антонио со ИД 102619 во ОФС Гази Баба за ФК Вардар со датум 30.08.2013 год. од КОМЕТ системот.
- принт од КОМЕТ системот каде е евидентиран називот на клубот за кој се регистрира, називот на клубот од кој се испишува и датумот на издавање на исписницата.
- принт од КОМЕТ системот за составот на екипата на ФК Еуромилк на натпреварот од 5 коло Прва МФЛ (Еуромилк-Ренова)
- жалба на недонесување одлука по приговор до второстепен орган на ОФС
- копија од предметната исписница бр.08/13 од 26.08.2013 година издадена од ФК Еуромилк АД Скопје
- одлука на второстепен орган на ОФС Гази Баба бр. 158/13 од 13.09.2013 година.

доказите изведени во постапката пред Комисијата за жалби на ФФМ:

- изјавена жалба до Комисијата за натпревари бр.372/13 од 03.09.2013 година (пр.бр.03-1379 од 03.09.2013 год.)
- записник од натпреварот(страна 1) Металург-Вардар од 01.09.2013 год.
- принт од регистрацијата на фудбалерот Бујчевски Антонио со ИД 102619 во ОФС Гази Баба за ФК Вардар со датум 30.08.2013 год. од КОМЕТ системот.
- принт од КОМЕТ системот каде е евидентиран називот на клубот за кој се регистрира, називот на клубот од кој се испишува и датумот на издавање на исписницата.
- принт од КОМЕТ системот за составот на екипата на ФК Еуромилк на натпреварот од 5 коло Прва МФЛ (Еуромилк-Ренова)
- Одлука од второстепен орган на ОФС Гази Баба бр. 158/13 од 13.09.2013 година

По разгледување на целокупната документација Комисијата за статут и правилници ја констатирала следната фактичка состојба:

За време на преодниот рок ФК Еуромилк АД Скопје му издал исписница на фудбалерот Бујчевски Антонио со бр. 08/13 на 26.08.2013 година. По издавањето на исписницата ФК Еуромилк АД Скопје на 28.08.2013 година на натпреварот Еуромилк-Ренова кој се одиграл во рамките на 5-тото коло на Прва МФЛ во составот за својата екипа го пријавил и фудбалерот Бујчевски Антонио. Фудбалерот настапил за екипата на ФК Еуромилк АД на овој натпревар

На ден 30.08.2013 година Фудбалскиот клуб Вардар АД и фудбалерот Бујчевски Антонио поднесуваат пријава за регистрација на фудбалерот за ФК Вардар АД Скопје во ОФС Гази Баба. Комисијата за регистрации на ОФС Гази Баба врз основа на поднесената документација која се бара за таа намена согласно член 11 став 2 алинеа (римско) II од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери го регистрира фудбалерот за ФК Вардар АД од Скопје со право на настап од 30.08.2013 година. Регистрацијата врз основа на поднесената документација е потврдена во КОМЕТ системот со право на настап од 30.08.2013 година.

Во рамките на 6-то коло на прва МФЛ на 01.09.2013 година се одиграл првенствен натпревар помеѓу екипите на ФК Металург АД од Скопје и ФК Вардар АД од Скопје. Натпреварот завршил со нерешен резултат. ФК Металург АД од Скопје на ден 02.09.2013 година до Комисијата за натпревари на ФФМ најавил жалба во врска со натпреварот. На седницата одржана на 03.09.2013 година Комисијата за натпревари го регистрирала предметниот натпревар со постигнат резултат. Во предвидениот рок од 72 часа на 03.09.2013 година,ФК Металург АД ја поднел најавената жалба до Комисијата за натпревари на ФФМ за немање право на настап на фудбалерот Бујчевски Антонио за екипата на ФК Вардар АД од Скопје на натпреварот ФК Металург АД– ФК Вардар АД одигран на ден 01.09.2013 година во Скопје. Истовремено ФК Металург АД поднел приговор на регистрацијата на фудбалерот Бујчевски Антонио за ФК Вардар АД од Скопје до Комисијата за

регистрации на ОФС Гази Баба. По истекот на рокот во кој првостепениот орган на ОФС Гази Баба требал да одлучи ФК Металург АД Скопје поднел жалба до второстепениот орган на ОФС Гази Баба. Надлежниот второстепен орган на ОФС Гази Баба одлучувал по жалбата на 13.09.2013 година и се произнел со одлука со која ја усвоил жалбата и ја поништил регистрацијата на Бујчевски Антонио за ФК Вардар АД –Скопје. Поништувањето е направено врз основа на член 85 а во врска со член 14 став 7 и 10 од Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ при што е утврдено дека регистрацијата на фудбалерот во ОФС Гази Баба за ФК Вардар АД од 30.08.2013 е направена со исписница автоматски ставена вон сила бидејќи фудбалерот настапил за клубот кој ја издал исписницата по нејзиното издавање.

ФК Металург АД Скопје по истекот на рокот за одлучување на Комисијата за натпревари по поднесената жалба поднел жалба до Комисијата за жалби на ФФМ. Комисијата за жалби на ФФМ на 20.09.2013 година одлучува по жалбата и го регистрира натпреварот Металург-Вардар со службен резултат во корист на ФК Металург АД Скопје поради тоа што противничкиот клуб настапил со фудбалер за кој со конечна одлука на надлежен орган за регистрација на фудбалери е утврдено дека е регистриран со неправилна примена на прописите за регистрација.

На вака утврдена фактичка состојба, Комисијата за статут и правилници на ФФМ во рамките на својата надлежност утврдила дека второстепениот орган на ОФС Гази Баба одлучувал по поднесена жалба и ја поништил регистрацијата на фудбалерот Бујчевски Антонио за ФК Вардар АД Скопје по спроведена постапка согласно Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери и тоа врз основа на :

- член 82 кој предвидува можност против сите одлуки за регистрација да се вложи приговор;
- член 84 кој предвидува право на поднесување на жалба доколку надлежниот орган не донесе одлука по поднесениот приговор во определениот рок;
- член 85 став 6 кој предвидува врз основа на поднесен приговор или жалба регистрацијата да биде:

а) поништена, ако се утврди дека фудбалерот врз основа на приложената документација не ги исполнува условите за спроведување на регистрацијата и останува фудбалер на дотогашниот клуб со право на настап што го имал за тој клуб.

б) исправена ако се утврди дека фудбалерот ги исполнува условите за спроведување на регистрацијата , меѓутоа не е применет соодветен член од Правилникот, со право на настап по првобитното објавување на регистрацијата.

Надлежното тело на ОФС во постапката утврдило дека предметниот фудбалер е регистриран за ФК Вардар АД Скопје со исписница автоматски ставена вон сила односно фудбалерот настапил за клубот кој му ја издал исписницата по нејзиното издавање со што согласно член 14 став 10 исписницата е автоматски ставена вон сила.

второстепениот орган на ОФС во случај наводите во жалбата да се основани има надлежност регистрацијата да ја поништи или исправи.

Комисијата за статут и правилници неспорно утврдила дека второстепениот орган на ОФС одлучувал врз основа на факти (докажано е во текот на постапката дека исписницата со која фудбалерот Бујчевски се регистрирал за ФК Вардар АД била автоматски ставена вон сила во моментот кога фудбалерот настапил на натпреварот Еуромилк-Ренова од 28.08.2013 година) , исто така Комисијата неспорно утврдила дека второстепениот орган при одлучувањето не излегол од својата надлежност и обжалената регистрација ја поништил согласно член 85 став 6 алинеа а од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.

Согласно погоренаведеното Управниот одбор на ФФМ констатира дека се неосновани наводите на поднесувачот дека органот што го регистрирал фудбалерот не може да ја поништи регистрацијата по одигрување на натпревар како и дека не може да ја поништи регистрацијата по нејзино потврдување односно објавување. Правото и обврската да постапува ја црпи од одредбите на Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ погоре наведени. Во цитираните одредби не станува збор дали регистрацијата може или не може да се поништи по одигрување на натпревар односно по нејзино потврдување или објавување туку станува збор за преклузивни рокови во кои треба да донесе одлука по веќе потврдена односно објавена регистрација независно дали во тој период се одиграл или не се одиграл некој натпревар дотолку повеќе што Правилникот за натпревари во член 73 ст.1 т.4 го уредува начинот на кој оштетен клуб може да го добие натпреварот со службен резултат меѓудругото и со настап на фудбалер за кој со конечна одлука на надлежен орган за регистрација на фудбалери е утврдено дека е регистриран со неправилна примена на прописите за регистрација што самото по себе значи дека тој фудбалер настапил со потврдена регистрација.

Во врска со барањето на подносителот кое се однесува на постапката која е водена пред Комисијата за жалби на ФФМ ,Управниот одбор на ФФМ утврди дека постапката е водена согласно член 39 од Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ кои предвидуваат постапување по жалба во втор степен. Комисијата за жалби исправно констатирала дека првостепениот орган за натпреварување донел одлука за регистрирање на натпреварот Металург-Вардар пред да измине рокот од 72 часа предвиден во член 36 од Пропозициите за натпреварување во Прва МФЛ. Комисијата за жалби повикувајќи се на конечната одлука на второстепниот орган при ОФС Гази Баба се произнела по поднесената жалба на ФК Металург АД согласно член 73 став 1 т.4 од Правилникот за натпревари кој предвидува по основ на поднесена жалба на оштетен клуб да биде донесена одлука за регистрација на натпреварот со 3:0 (службено) во негова корист доколку не постигнал подобар резултат (ако противничкиот клуб настапил со фудбалер за кој со конечна (второстепена) одлука на надлежен орган за регистрација на фудбалери

е утврдено дека е регистриран со неправилна примена на прописите за регистрација или врз основа на неточни податоци).

Неосновани се наводите на подносителот дека не постои правен основ за одлучување и дека член 54 од Дисциплинскиот правилник под неправилна регистрација и неправилен настап подразбира помеѓу другото настап на играч кој во текот на денот веќе настапил на еден натпревар. Ако го превидиме фактот дека член 54 од ДП на ФФМ третира казнување на играч по чија вина настапил прекин на натпревар и дека подносителот мислел на член 61 од ДП на ФФМ кој третира неправилни настапи нужно е да се појасни дека оваа одредба од Дисциплинскиот правилник третира казнување на неправилен настап на фудбалер но не третира неправилен настап поради извршена неправилна регистрација. Санкционирањето на прекршоците во врска со регистрација на играчи се дадени во член 83 од ДП на ФФМ и истото е во надлежност на Дисциплинската комисија на ФФМ.

Врз основа на погоре изнесеното Управниот одбор на ФФМ утврди дека нема повреда на одредбите на член 14, 82 и 85 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, врз основа на кои надлежното тело при ОФС Гази Баба ја темелело својата одлука. Исто така утврди дека нема повреда на член 73 став 1 т.4 од Правилникот за натпревари ниту на член 39 од Пропозициите за натпреварување на Прва МФЛ врз основа и во согласност со кои Комисијата за жалби на ФФМ одлучувала.

Од тие причини Управниот одбор одлучи како во диспозитивот.

Управен одбор на ФФМ
Претседател,
Илчо Ѓоргиоски

доставено до:

- ФК Вардар АД Скопје
- ОФС Гази Баба

**Фудбалска федерација на Македонија**

**Број:03-1784/15**

Дисциплинската комисија на ФФМ разгледувајќи ги списите од предметот по поднесената жалба 03/1690 од 28.10.2013 година од Ф.К.Брегалница 2008 од Штип , против Одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ број 03-1638/13 од 09.10.2013 година согласно член 141 став 7 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 06.11.2013 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**Жалбата на Ф.К.Брегалница 2008 од Штип поднесена против Одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ број 03-1638/13 од 09.10.2013 година СЕ ОТФРЛА КАКО НЕТАКСИРАНА.**

## Образложение

Од страна на Дисциплинската комисија на ФФМ донесена е Одлука број 03-1638/13 од 09.10.2013 година со која Ф.К.Брегалница 2008 од Штип се казнува со парична казна од 1.000 евра(илјада евра) во денарска противвредност на денот на уплатата поради слаба организација-недолично однесување на своите навивачи (фрлање на пиротехнички средства во терен), како и необезбеден доволен број на лица задолжени за медицински носилки на натпреварот од 08 коло на прва МФЛ помеѓу екипите на Ф.К.Брегалница 2008 од Штип и Ф.К.Ренова од Џепчиште одигран на ден 22.09.2013 година на стадионот во Штип. Незадоволен од оваа Одлука, Ф.К.Брегалница-2008 од Штип изјавил жалба на одлуката на ден 28.10.2013 заведена под број 03-1690.Дисциплинската комисија на ФФМ разгледувајќи ја жалбата и целокупниот матерјал констатира дека жалбата на Ф.К.Брегалница 2008 од Штип не е таксирана и согласно член 141 став 6 на ден 30. Октомври 2013 година е даден дополнителен рок за остранување на недостатоците, истите не се остранети ниту во дадениот рок ниту до денот на донесувањето на ова Решение.

Од сето погоре наведено се реши како во диспозитивот.

**ПОУКА:**Против решението за отфрлање на жалбата, подносителот на жалбата има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на Решението со уредно уплатена такса од 12.000 денари на жиро сметка на ФФМ: 300000001599760 Комерцијална банка Скопје.

Доставено до:

Ф.К."Брегалница 2008" Штип

Мак Фудбал

Архива на ФФМ

Скопје

07.11.2013 година

Дисциплинска комисија
Претседател
***Г-дин Блерим Бесими с.р.***

**Фудбалска федерација на Македонија**

**Број:03-1784/16**

Дисциплинската комисија на ФФМ разгледувајќи ги списите од предметот по поднесената жалба 03/1691 од 28.10.2013 година од Ф.К.Брегалница 2008 од Штип , против Одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ број 03-1641/7 од 17.10.2013 година согласно член 141 став 7 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 06.11.2013 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**Жалбата на Ф.К.Брегалница 2008 од Штип поднесена против Одлуката на Дисциплинската комисија на ФФМ број 03-1641/7 од 17.10.2013 година СЕ ОТФРЛА КАКО НЕТАКСИРАНА.**

## Образложение

Од страна на Дисциплинската комисија на ФФМ донесена е Одлука број 03-1641/7 од 17.10.2013 година со која Ф.К.Брегалница 2008 од Штип се казнува со парична казна од 1.000 евра(илјада евра) во денарска противвредност на денот на уплатата поради недолично и навредливо однесување на своите навивачи спрема органите на ФФМ, на натпреварот од 1-8 финале Куп на Р. Македонија, помеѓу екипите на: Ф.К.Хоризонт турново од Турново и Ф.К.Брегалница 2008 од Штип одигран на ден 18.09.2013 година на стадионот во Турново. Незадоволен од оваа Одлука, Ф.К.Брегалница-2008 од Штип изјавил жалба на одлуката на ден 28.10.2013 заведена под број 03-1691.Дисциплинската комисија на ФФМ разгледувајќи ја жалбата и целокупниот матерјал констатира дека жалбата на Ф.К.Брегалница 2008 од Штип не е таксирана и согласно член 141 став 6, на ден 30. Октомври 2013 година е даден дополнителен рок за остранување на недостатоците, истите не се остранети ниту во дадениот рок ниту до денот на донесувањето на ова Решение.

Од сето погоре наведено се реши како во диспозитивот.

**ПОУКА:**Против решението за отфрлање на жалбата, подносителот на жалбата има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од денот на приемот на Решението со уредно уплатена такса од 12.000 денари на жиро сметка на ФФМ: 300000001599760 Комерцијална банка Скопје.

Доставено до:

Ф.К."Брегалница 2008" Штип

Мак Фудбал

Архива на ФФМ

Скопје

07.11.2013 година

Дисциплинска комисија
Претседател
***Г-дин Блерим Бесими с.р.***

Фудбалска Федерација на Македонија

**Број : 03-1784/17**
**Скопје: 7.11.2013**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ,Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата од Комисијата за натпревари на ФФМ, поднесена врз основа на претходна пријава од Комисијата за безбедност на ФФМ, согласно на одредбите од член 131 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 6 .11. 2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 **СЕ ЗАПИРА поведената дисциплинска постапка против Тефику Бејтула делегат на натпреварот од 9 коло на втората МФЛ помеѓу ФК Локомотива-ФК Миравци одигран на ден 5.10.2013 година во Скопје, поради немање на докази.**

2 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ-МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата од Комисијата за натпревари на ФФМ, констатира дека за истата нема доволно докази и поради недостаток на докази истата ја запира.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје .Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
Тефику Бејтула
Архива
Макфудбал

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**1 коло втора футсал лига**
**Скопје, 05 ноември 2013 година**

Врз основа на член 24 алинеа 1 точка 11 и член 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 1, 2, 3, 5, 8, 9, 10, 11, 35, 123,125, 130, 138 и 139 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федерација на Македонија, записникот и материјалите доставени во постапка од првенствениот натпревар од 1 коло од втората футсал лига во организацијана Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Кочани:Фифи-75 одигран во Кочани спортска сала ОУ"Никола Карев" на ден 26 октомври 2013 година согласно член 35 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 05 ноември 2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

1.ПЕТРОВСКИ ИЛЕ ТРЕНЕР НА КМФ"ФИФИ-75" ОД ПРОБИШТИП НА ПРВЕНСТВЕНИОТ НАТПРЕВАР ОД 1 КОЛО ОД ВТОРАТА ФУТСАЛ ЛИГА КОЧАНИ:ФИФИ-75 СЕ САНКЦИОНИРА СО ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА ЗАБРАНА ВРШЕЊЕ БИЛО КОЈА ФУНКЦИЈА ВО ФУДБАЛСКИОТ СПОРТ ВО ВРЕМЕ ОД ЕДЕН (1) МЕСЕЦ.
2.КАЗНАТА ТЕЧЕ ОД 27 ОКТОМВРИ 2013 ГОДИНА.
3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ ДО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА "МАКФУДБАЛ".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федерација на Македонија констатира:
-Од увидот во записникот и материјалите доставени во постапката по однос првенствениот натпревар од првото коло од втората футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Кочани:Фифи-75 одигран на ден 26.10.2013 година во Кочани спортска сала ОУ"Никола Карев" комисијата неспорно уврди едногласно дека бил отстранет тренерот Петровски Иле на КМФ Фифи-75 од Пробиштип за недолично однесување.

2

При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија дисциплинската комисија донесе едногласна одлука како во диспозитовот.

ПОУКА:Незадоволната страна од оваа Одлука има право да поднесе жалба до Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија согласно одредбите од член 141 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа одлука преку оваа комисија со уплата на пропишана такса од 3.000,00 (три илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка со назнака такса за жалба.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.КМФ “ФИФИ-75“ Пробиштип
2.Петровски Иле
2.Архивата на ФФМ
3.Макфудбал

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА НА ФФМ
Претседател
Блерим Бесими с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**6 коло прва футсал лига**
**Скопје, 05 ноември 2013 година**

Врз основа на член 24 алинеа 1 точка 11 и член 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 1, 2, 3, 5, 8, 9, 10, ,28, 29, 35, 123, 125, 130, 138 и 139 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федерација на Македонија, записникот и материјалите доставени во постапка од првенствениот натпревар од 6 коло од првата футсал лига во организацијана Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Биџо:Јувентус Серава одигран во Куманово спортска сала на ден 03 ноември 2013 година согласно член 35 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 05 ноември 2013 година донесе:

**О Д Л У К А**

1.МЈАКУ ЏЕЉАЉ КОМЕТ БРОЈ 115518 ФУДБАЛЕР НА КМФ ЈУВЕНТУС СЕРАВА ОД СКОПЈЕ СЕ КАЗНУВА СО ЗАБРАНА ИГРАЊЕ НА ЕДЕН (1) ПРВЕНСТВЕН ИЛИ КУП НАТПРЕВАР.
2.КАЗНАТА ТЕЧЕ ОД 04 НОЕМВРИ 2013 ГОДИНА.
3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ ДО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА "МАКФУДБАЛ".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федеерација на Македонија констатира:
-Од увидот во записникот и материјалите доставени во постапката по однос првенствениот натпревар од шестото коло од првата футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Биџо:Јувентус Серава одигран на ден 03.11.2013 година во Куманово спортска сала комисијата неспорно уврди едногласно дека од страна на вториот помошен судија на предметниот натпревар Тошевски Саше во записникот од натпреварот именованиот фудбалер е пријавен поради упатени навреди и пцовки кон именованиот судија по завршувањето на предметниот натпревар.

3

При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија дисциплинската комисија донесе едногласна одлука како во диспозитовот.

ПОУКА:Незадоволната страна од оваа Одлука има право да поднесе жалба до Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија согласно одредбите од член 141 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа одлука преку оваа комисија со уплата на пропишана такса од 12.000,00 (дванаесет илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка со назнака такса за жалба.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:
1.Мјаку Џељаљ
2.КМФ "ЈУВЕНТУС СЕРАВА" Скопје
3.Архивата на ФФМ
4.Макфудбал

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА НА ФФМ
Претседател
Блерим Бесими с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**6 коло прва футсал лига**
**Скопје, 05 ноември 2013 година**

Врз основа на член 24 алинеа 1 точка 11 и член 36 од Статутот на Фудбалската федерација на Македонија а во врска со членовите 1, 2, 3, 5, 8, 9, 10, ,28, 29, 35, 123, 125, 130, 138 и 139 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федерација на Македонија, записникот и материјалите доставени во постапка од првенствениот натпревар од 6 коло од првата футсал лига во организацијана Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Сее Универзити:Црна Река одигран во Тетово спортска сала Средно медицинско училиште на ден 03 ноември 2013 година согласно член 35 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија на ден 05 ноември 2013 година донесе:

## О Д Л У К А

1.СТАНОЕВ ВИДАН ФУДБАЛЕР НА КМФ ЈУВЕНТУС СЕРАВА ОД СКОПЈЕ СЕ КАЗНУВА СО ЗАБРАНА ИГРАЊЕ НА ДВА (2) ПРВЕНСТВЕНИ ИЛИ КУП НАТПРЕВАРИ.
2.КАЗНАТА ТЕЧЕ ОД 04 НОЕМВРИ 2013 ГОДИНА.
3.ОДЛУКАТА ДА СЕ ДОСТАВИ ДО ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ И ДА СЕ ОБЈАВИ ВО СЛУЖБЕНОТО ГЛАСИЛО НА ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА “МАКФУДБАЛ“.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на Фудбалската федерација на Македонија постапувајки по пријавата од комисијата за футсал натпреварување на Управниот Одбор на Фудбалската федеерација на Македонија констатира:
-Од увидот во записникот и материјалите доставени во постапката по однос првенствениот натпревар од шестото коло од првата футсал лига во организација на Фудбалската федерација на Македонија за натпреварувачката 2013/2014 година Сее Универзити:Црна Река одигран на ден 03.11.2013 година во Тетово спортска сала Средно медицинско училиште комисијата неспорно уврди едногласно дека Станоев Видан во својство на фудбалер на КМФ Црна Река бил исклучен поради псуење на вториот судија Божиновски Никола.

4

При вака утврдена фактичка состојба а со примена на нормативата на Фудбалската федерација на Македонија дисциплинската комисија донесе едногласна одлука како во диспозитовот.

ПОУКА:Незадоволната страна од оваа Одлука има право да поднесе жалба до Комисијата за жалби на Фудбалската федерација на Македонија согласно одредбите од член 141 од Дисциплинскиот правилник на Фудбалската федерација на Македонија во рок од три дена од денот на приемот на оваа одлука преку оваа комисија со уплата на пропишана такса од 12.000,00 (дванаесет илјади) денари на жиро сметка Фудбалска федерација на Македонија 300000001599760 Комерцијална Банка со назнака такса за жалба.Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

ДОСТАВЕНО ДО:

1.Станоев Видан

2.КМФ "ЦРНА РЕКА" Кавадарци

3.Архивата на ФФМ

4.Макфудбал

ДИСЦИПЛИНСКА КОМИСИЈА НА ФФМ

Претседател

Блерим Бесими с.р.

***СТРУЧНО ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ "МАКФУДБАЛ"***
*е стручно информативен лист на*
*ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата*

***Адреса: ФУДБАЛКСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*Ул. "8-ма Ударна Бригада" бр. 31-а*
*ПОШТЕНСКИ ФАХ 84*
*1000 СКОПЈЕ*
*со ознака "ЗА МАКФУДБАЛ"*

*ЖИРО СМЕТКА*
***ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*200002504170131- Стопанска банка АД Скопје*
*300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје*
*Даночен број 4030992177382*

***РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"***